Д-р Златко ЖОГЛЕВ

# ВЕБЕРОВОТО УЧЕЊЕ ЗА КУЛТУРНИТЕ РЕЛИГИИ И НИВНИОТ ОДНОС КОН СВЕТОТ

**Апстракт**

Светски религии за Макс Вебер се конфучијанството, хиндуизмот, будизмот, христијанството и исламот. Кон нив е придодадено и еврејството (јудаизмот). Во овој труд се дадени основните сфаќања на Вебер за културните религии и нивниот однос кон светот изразени преку повеќе аспекти. Селектирани се основните карактеристики на односот на еврејството, христијанството и исламот кон светот во однос на неколку клучни прашања како што се: стекнувањето на материјалните богатства, аскетизмот и самоконтролата, и сл.

Клучни зборови: Макс Вебер, културни/светски/ религии, економска етика, еврејство, христијанство, ислам

## ВОВЕД

**Светски религии** за Макс Вебер се конфучијанството, хиндуизмот, будизмот, христијанството и исламот и истите се избрани заради тоа што имаат голем број на следбеници, а не од било каква друга причина (Weber, 2/2000). Кон нив тој го придодал и еврејството (јудаизмот) заради тоа што е значаен претходник и на христијанството и на исламот, а посебно заради неговото значење за развојот на економската етика на Запад (Weber, 1/2000). Во текстот што следува се анализирани основните карактеристики на односот на трите светски религии (Еврејството, Христијанството и Исламот) кон светот.

Терминот **економска етика** се однесува на (се стреми кон, цели кон) практичните импулси за акција кои се базирани врз психолошкиот и прагматичниот контекст на религијата. И самиот религиозно детерминиран начин на живот е под длабоко влијание на економските и политичките фактори (Weber, 2/2000). Но, економската етика никогаш

не била детерминирана само од религијата. Согласно со човековите ставови кон светот (определени од религиозните или од другите внатрешни фактори), економската етика секако дека има, висок степен на автономија. Таквата автономија, во најголема мерка ја определуваат постојните економско-географски и историски фактори. Но, според Вебер, религиозното определување на човечкото животно поведение е еден од определувачките фактори на економската етика. Секако религиозно детерминираниот начин на живот е самиот длабоко зависен од економските и политичките фактори, кои дејствуваат внатре во дадените географски, политички, социјални и национални граници (Weber 1/2000).

## ЕВРЕЈСТВОТО (ЈУДАИЗМОТ)

Според Макс Вебер еврејството, во својот т.н. постегзилен облик, спаѓа во религиите кои се прилагодени кон светот. Неговата специфичност се состои во тоа што еврејството е свртено кон светот и не го отфрла светот, туку само важечкиот општествено хиерархиски поредок во тој свет. Така ветувањата што ги дава еврејството се ветувања кои се однесуваат на овоземниот живот, додека различните видови бекства (на пример контемплативното или аскетско) од светот во него биле исклучително ретка појава, слична како во протестантизмот или конфучијанизмот. Вебер укажува дека во еврејството не постои систематска аскеза, а аскетските елементи во раното христијанство потекнувале од паганско-христијанските општини од времето на апостол Павле.

Кога се евалуира **аскетизмот во еврејството,** може да се истакне дека придржувањето за **законот** не е поголем аскетизам од почитувањето на било кои ритуални или забранувачки (табуистички) норми. Уште повеќе, **односот на еврејството кон богатството и кон сексуалниот живот, не е ни малку аскетски, туку напротив сосема природен (натуралистички).** За еврејството, **богатството е божји дар,** додека **задоволувањето на сексуалниот нагон во легална форма, се сметало за толку нормална работа,** што секој кој ќе останел неженет после одреден број години бил сметан за девијантна личност која имала сомнителен морал. Всушност, тешко е дека може да се зборува за некое специфично значење на сексуалната аскеза во еврејството, затоа што според М. Вебер, на пример периодите во кои се забрануваат сексуалните односи (во смисла на апстиненција од различни причини и со различни цели, како што е на при-

мер, со цел да се овозможи чистење), е нешто што може да се сретне во поголемиот број ритуалистички религии. Дури и обратно, доколку луѓето се придржуваат за позитивните забрани и табуите од законот, никаде не е забрането отвореното уживање во животот, па и луксузот.

**Негативниот став кон богатството**, според кој тоа се смета за нешто многу опасно (што може да се сретне во книгите на пророците, псалмите, како и во книгата *Соломонови мудрости*) свои корени има во објективната опасност која може да произлезе од искушението на кое можат лесно да подлегнат богатите луѓе, а кое се состои во две работи; прво, им се нанесува социјална неправда во процесот на стекнување богатство на своите сонародници (Евреи) и второ, богатите Евреи можат лесно да дојдат во искушение помалку да се придржуваат за законот и арогантно да се однесуваат кон божјите (Јеховините) наредби и ветувања.

Според Макс Вебер, тешко е да се оспори тезата на Вернер Зомбарт дека **еврејството одиграло многу значајна улога и дека било многу силен фактор во развојот на модерниот капиталистички економски систем.** Таа теза треба само да се прецизира и Вебер точно тоа го прави со набројување на **економските постигнувања** што се специфично еврејски и што тоа ги направило во Средниот век и во капитализмот. Меѓу другите, Вебер како најзначајни во оваа смисла ги набројува следните специфични постигнувања на еврејството на економски план: **заемите** од банките, финансирањето на големите држави, одредени видови на стоковна трговија со нагласено јакнење на малопродажната трговија и онаа на патувачките трговци, како и специфично селската трговија со домашни земјоделски производи, некои трговски гранки на големо и посебно трговијата со вредносни хартии (двете во форма на т.н. **берзанска трговија**), паричната размена, финансирање на војните, финансирање со цел формирање на колонии, кредитни и банкарски работи, финансирање на емисиите. Макс Вебер е свесен дека дел од економските постигнувања во капитализмот кои многумина ги сметаат специфично еврејски, се развиле многу порано (уште во времето на Средниот век). Но, во навистина огромната листа на она што Евреите го постигнале на економски план, недостасува (можеби не целосно но, сепак нагласено), точно оној елемент кој се смета за diferencia specifica на капитализмот во Веберово време: **Евреите релативно малку учествувале во рационалната организација на работата на т.н. индустриско претпријатие.** За да може поцелосно да се сфати зошто е тоа така потребно е да се објасни и **посебното чувство за стопанисување,** својствено

за Евреите, а манифестирано преку волјата и способноста да се искористи безобзирно секоја шанса за добивка - "За добивка да се плови и низ пеколот, макар тоа да ги изгори едрата"

**Надворешни тешкотии** кои го спречуваат учеството на Евреите во организацијата на индустриската работа: нивната правна и во суштина етикетирана положба која им дозволува на Евреите трговија, но не и рационално и трајно поседување и раководење со индустриско претпријатие со постојан капитал.

**Субјективната етичка состојба** е исто така значајна бидејќи Евреите го сочувале **двојниот морал** кој од секогаш е својствен за економската комуникација во секоја заедница: *Она што е забрането да му се направи на братот (по вера), дозволено е да му се направи на туѓинецот.*

**Еврејска етика на деловниот морал** како своја основна карактеристика ја има **етичката индиферентност** во економските односи со странците, за разлика од обзирноста која бил должен да ја покажува кон своите браќа по вера. За да се разбере подобро каков е ставот на Евреите-верници кон стекнувањето на материјалните богатства и пари, во понатамошниот текст ќе биде даден еден компаративен приказ на таквите сфаќања кај католиците, Евреите и пуританците.

Правоверниот католик во областа на деловниот живот се однесувал така што се придржувал за еден лабав (пробабилистички) морал, којшто овозможувал таквото однесување делумно да биде за директно осудување (заради непочитување на строго утврдените норми) и делумно како нешто што не е позитивно и во согласност со божјата волја.

**Евреинот - верник**, секогаш се наоѓал во ситуација да прави нешта кои се спротивни на законот, или сомнителни од аспект на традицијата, или во најдобар случај да прави нешта кои ги дозволува само едно искривено толкување на традицијата и на традиционалните (пред се, религиозни) норми. Ваквите недозволени постапки Евреите можеле да ги прават само во односите со туѓинци, а никако со браќата по вера, но значајно е да се истакне дека таквите постапки никогаш не биле позитивно вреднувани од етички аспект иако биле толерирани. Тоа значи дека таквото однесување бог можел да го толерира, па дури и да го награди со успех, е само затоа што Евреинот не правел нешто што е директно спротивно на законот (забранетото), додека во другите области од животот строго се придржувал за

божјите заповеди. Тоа од своја страна, го објаснува фактот зошто правоверниот Евреин не можел лесно етички да се афирмира со специфично модерно економско дејствување.

За разлика од Евреинот, **верникот - пуританец** ги извршувал работите со целосно чиста совест бидејќи со своето законско и трезвено дејствување во "претпријатието" ја аплицирал рационалната методика во целокупниот свој начин на живот, се потврдувал пред самиот себе си, а исто и пред потесната заедница на која и припаѓал. Од тие причини апсолутно не доаѓало предвид да биде доведена во прашање непобитноста на неговото однесување. Јасно е дека ниеден верник-пуританец не можел да верува во тоа дека Бог ја одобрува добивката која е стекната со измамување на партнерот при работењето или со наметнување на високи камати за позајмените пари (зеленаштво), со ценкање или со учество во политички или други грабежи. Напротив, она што е најкарактеристично за праксата на верниците - пуританци (на пр. квекерите и баптистите) е: утврдената цена, објективните и легалните деловни односи со секого (ослободени од лакомоста за стекнување пари по секоја цена ). За разлика од пуританците - верници кои со гнасење го отфрлале нечесниот однос и зеленаштвото во односите со странците, кај Евреите тоа било дозволено. Но факт е дека областа на економоското дејствување, а посебно она што во праксата е дозволено да се прави во односите со странците (туѓинците), никогаш според еврејското верување во Бог не била област преку која се проверува и потврдува вистинското почитување на божјите заповеди. Или со други зборови, никогаш ниеден верник - Евреин не го мерел нивото на своите етички стандарди според она што го сметал дека е дозволено во економското дејствување. За да може да се разбере ваквиот начин на однесување на Евреите треба да се нагласи дека еврејскиот закон содржел три вида норми и тоа: чисто ритуални, норми за разни забрани (табуистички норми) и морални норми, или наредби (заповеди). Таквите норми им дозволувале на Евреите да одат по линијата на најмал отпор, а најзначајната практична последица од тоа била што т.н. **нагон за стекнување економска добивка**, бил насочен кон трговијата со странците (т.е. кон туѓинците, односно "непријателите").

За да може подобро да се разберат некои поведенија на Евреите-верници значајно е да се знае дека **Евреите скоро во целата своја историја** после бегството од Египет, **биле жители на градот**, па соодветно на тоа бил скроен и еврејскиот закон. Исто така од аспект на социјалната стратификација значајно е да се знае дека во времето на фарисеите земјоделците биле Евреи од понизок ред (т.е. имале пони-

зок социјален статус), кои не се придржувале, ниту пак според Вебер, можеле да се придржуваат целосно до законот. Според законот Евреите не смееле да учествуваат во забавите и гозбите на еснафите и воопшто да седат на иста маса со некој кој не е Евреин. Тоа секако влијаело за потешко одомаќинување на Евреите како социјална група во новата средина каде што живееле. Спротивно на тоа, во овој контекст треба да се нагласи дека еден многу значаен обичај кој и денес е присутен е давањето чеиз од страна на девојката кога се мажела. Тоа имало практична последица, Евреите земјоделци да ги претвори во ситни трговци, со што нивниот социјален статус се подобрувал. Во сите други работи Евреинот бил постојано спречуван од обзирите кон законот. Затоа Гутман (Guttmann) оправдано истакнува дека вистинското проучување на законот било најлесно да се спои со работите кои се состоеле од давање парични заеми и заклетвата на релативно мала постојана работа. Како последица на законот и интелектуалистичкото обучување според законот две работи биле специфични за Евреите: нивната "методика на животот" (начин на живот) и нивниот "рационализам".

За правоверниот Евреин вистински животен идеал бил "интелектуалецот" кој ја познавал казуистиката и законот, и кој на штета на работата (која често и ја препуштал на жената) постојано понатаму ги истражувал светите книги и коментари. Всушност, тоа е точно она против што се борел Исус Христос - т.н. едноставно професионално занимавање со светите книги. Затоа тој велел дека треба да се пазиме од книжниците и фарисеите. Тоа е всушност апел на Исус Христос против таквата интелектуалистичка црта на вистинското доцно еврејство.

Евреите како **одбран народ** поминале низ многу страдања. Сепак историјата ги научила Евреите како поединци дека треба да се помират со фактот дека постоечкиот свет ќе остани и понатаму тврдоглав кон божјите ветувања, се додека Бог тоа го сака и го дозволува. Од друга страна, Евреинот-верник ќе треба да биде задоволен кога Бог е милостив кон него и кога му помага да постигне успеси во борбите со непријателите на неговиот народ, кон кои тој се однесува објективно. Тој за да ги задоволи барањата на своите рабини прави легални и трезвени пресметки, непристрасно давајќи им на непријателите на својот народ, третман како што му дозволува Бог. Во овој контекст Макс Вебер предупредува дека е погрешно ако се сфати дека еврејската религија од своите верници бара само надворешна покорност кон божјиот закон. Тоа е просечен тренд, додека самиот постулат имал повисоки барања, односно бил на повисоко ниво. Тоа се манифестирало на тој начин што законот барал од Евреите поеди-

нечно да ги собираат и споредуваат меѓусебните постапки. Значи, односот на Евреите-верници кон Бог било како тековна сметка на која поединечно се запишани сите добри и лоши дела со неизвесен вкупен збир. Тоа правело просечниот Евреин да се чувствува многу понесигурен од просечниот пуританец, кој според учењето за *предестинацијата* со сигурност знаел дек е одбран.

Ако се споредува ориентацијата кон аскетскиот начин на живот, кај Евреите таа била многу послаба во однос на истата кај пуританците, пред сé, заради самото постоење на двоен морал. Кај Евреите-верници како и кај католиците, одделните постапки кои се во согласност со законот на поединецот му создаваат шанси за лично спасување, иако божјата милост мора да го надополнува човечкиот дефицит во таа борба за спас. Всушност, после пропаѓањето на старата палестинска исповед (theschuba), црквената институционална милост кај Евреите била многу помалку развиена отколку во католицизмот. Како последица на таквата состојба еврејскиот начин на живот станал пометодичен и посистематичен во однос на животот на просечниот католик.

## ХРИСТИЈАНСТВОТО

Како што било случај со азиските религии (конфучијанството, хиндуизмот, будизмот) исто така, магијата и магиските верувања биле основа на старото *христијанство*. Спасителот во старото христијанство бил пред се *маг*, со нагласена *магиска харизма*, поврзана со неговото специфично чувство на индивидуалност, која била извор на неговата сила и несовладлива поткрепа (Вебер 1976). Како специфичност на старото христијанство може да се истакнат ветувањата на еврејството и интелектуалистичкото занимавање со светите списи. За разлика од него, Христијанското Евангелие се појави како откритие на еден неинтелектуалец само на неинтелектуалците, на оние кои биле бедни *(сиромашни) по дух.*

Својот развој христијанството го започна како доктрина (учење) на номадските занаетчии и патници. Во текот на сите периоди на неговиот можен надворешен или внатрешен развој, тоа било целосно специфично - градска и над се граѓанска религија. Ова било вистина во Антиката, за време на Средниот век и во Пуританизмот. Западниот град, единствен меѓу сите други градови во светот и граѓанството во смисла во која се појави само на Запад, беше најголемата сцена за христијанството (Weber, 1/2000).

За христијанството од огромно значење е делото на светиот апостол Павле, односно на *генијот од Тарс* (како што го нарекува Мирча Елијаде во својата книга *Светските религии*). Тој еврејската света книга ја претвори во света книга за сите христијани, а со тоа подигнал силна брана на сите пробиви на грчкиот (гностички) интелектуализам. Од друга страна, со помош на дијалектиката, Павле ги надвладеал табуистичките норми и специфичните ветувања кои биле по својата основа нагласено месијански. Павле тие норми ги протолкувал на тој начин што нагласил дека некои од тие норми родениот христијанин ги исполнува, а некои не. Главната моторна сила на Павловото учење била што тој го покажал "триумфалното воскликнување на човекот кој преку крвта на Месијата бил ослободен од безнадежниот **ропски закон"**. Всушност, како што гревот во човештвото влегол преку еден човек (Адам), така сите гревови на човештвото си одат од овој свет преку жртвата на Исус Христос. Како последица на сето она што го направил апостол Павле, била можноста за остварување на христијанската светска мисија. Појавата на Исус Христос, како што истакнува Макс Вебер, се совпаднала со времето, кога месијанските надежи биле најинтензивни (Вебер, 1976).

Од едукативно-просветителски аспект многу значајно е сознанието дека Исус Христос го толкувал *Законот* на еден јасен, едноставен начин, во согласност со способностите на неугледните и неучените, побожни луѓе од селата и од малите градови, кои истиот го сфаќале и го прилагодувале, во зависност од нивната професија. Тоа било спротивно на начинот на кој го толкувале *Законот* одличните познавачи на истиот и фарисеите.

Карактеристично е што Исусовите толкувања во однос на оние од фарисеите биле од една страна построги ( на пр. во врска со развод на бракот) но, од друга страна биле поблаги, пофлексибилни и потолерантни (на пример во однос на почитувањето на прописите и празнувањето на сабатот). Како што забележува и истакнува Макс Вебер, Исус Христос одвреме-навреме се спротивставува на наредбите од старата традиција, но треба овде да се нагласи дека не само што Исус Христос се спротивставувал на старите списи и традиција, туку истите беспоштедно ги критикувал со што врз себе го навлекол гневот на фарисеите и садукеите.

За Исус Христос постојат два апсолутни смртни гревови: *против светиот дух и против братот* (по крв и по вера). Првиот вид грев го прави толкувачот на светите книги, којшто ја презира харизмата на меси-

јата и самиот месија. Вториот грев го прави оној кој ќе му каже на својот брат: *Ти будала (глупак)* или како што истакнува Вебер, тоа е случај на небратска гордост (ароганција, надуеност) на интелктуалците во однос на оние кои се *сиромашни (бедни)* по дух.

Според Исус Христос не постои универзална божја милост затоа што *малкумина се одбрани да поминат низ тесната порта.* Од учениците се бара да бидат аскети на тој начин што тие треба да се ослободат од врските со семејството и со останатиот свет. Богатството само го попречува спасувањето на верниците, па затоа треба тие да се ослободат од него. Во оваа смисла е познат разговорот на Исус со богатиот младич и препораката да го подари целото богатство и да се откаже од сѐ, ако сака да да стане негов ученик, па така да влезе во царството божјо. Кога младичот кажува дека не може да се оддели од своето богатство, Исус Христос нагласува дека точно затоа што не можат да се откажат од земните работи (богатството и уживањето) за богатите е многу тешко (и веројатно за многумина невозможно) да влезат во рајот. Уште повеќе тие кои сакаат да влезат во царството божјо треба да се одделат од своите најблиски, од семејството, да оставаат сѐ и да тргнат по Учителот. Всушност, овој став е сосема спротивен на конфучијанското нагласување за неизмерно почитување на семејниот авторитет.

**Безусловното простување, безусловното давање и безусловната љубов** дури и кон непријателите, како и **безусловното помирување со неправдата и невозвраќањето на насилството со насилство (на злото со зло)** се столбови врз кои се засновал **христијанскиот религиозен хероизам.**

Но, од аспектот на безбедноста на државата на пример, конфучијанизмот за разлика од христијанството, ја отфрла како директно штетна за државните интереси, идејата за љубовта кон непријателот. Впрочем, за разлика од христијанството, кај другите културни (светски) религии само по себе е разбирливо на непријателот за злото да му се враќа со зло. Тоа е едноставно почитување и апликација на *принципот на праведен надоместок.*

Идејата **на непријателот да му се врати со љубов** ја прифаќа еврејството во периодот после Егзилот, но само во таа смисла што се истакнува дека непријателот треба да го засрамиме со нашите добри дела, а посебно со оградувањето дека осветата е работа на Бог, со нагласок дека тој толку побрзо ќе ја изврши осветата колку ние повеќе се воздржуваме да ја извршиме истата.

Во христијанството како и кај другите религии е стандардизирана обврската **да се помогне на братот по вера,** кога тој ќе се најде во неволја. Значи, братската љубов се однесува само за кругот на истоверниците, а не и на пошироката околина.

**Давањето милосрдност** е неразделен составен дел во христијанството. Тоа е така да се каже *универзален и примарен составен дел на секоја културна религија.* Уште во времето на Августин, христијанството не се сметало за вистинска вера, ако не била поврзана со давањето милосрдност. Посебно како верски многу драгоцени објекти на етичката активност се сметале болните, вдовиците и сираците. Новиот Завет изобилува со примери за помош на понапред наведените социјални категории.

Во однос на **земањето камата за изнајмени пари,** во христијанството постоела строга забрана. Според Макс Вебер тешко било да се процени генерално практичниот ефект од таквата забрана за зеленаштво. Но, едно е сигурно, христијанската црква со тоа што поставила таква забрана и секаде каде што ја почитувала, ја пропуштила можноста да им помогне на голем број сиромаси кон кои ќе можела да ги насочи средствата што евентуално би ги земала како камата за изнајмените пари.

**Односот на христијанството кон државата** во текот на историјата се менувал. Така, ставот на старото и средновековното христијанство кон државата како целина се колебал од: 1. *целосно отфрлање на постоечкото Римско царство како власт на антихристови;* 2. *преку целосна рамнодушност кон државата,* што значи пасивно поднесување на силата и активно исполнување на сите наметнати обврски кои директно не го загрозуваат верското спасение; 3. *останување на страна од конкретните политички заедници,* затоа што се сметало дека учеството во нив нужно води во грев (култ на царот), но позитивно признавање на највисоката власт па дури и власта на неверниците како богоугодна; 4. *позитивно вреднување на власта па и власта на неверниците,* како неизбежно средство за борба против гревовите.

Како што наведува Макс Вебер *клучна промена во односите кон државата се случила дури во средновековната црква.* Тогаш всушност за првпат се случило т.н. *релативизирање и диференцирање на етиката во "органска" професионална етика,* наспроти аскетската, секогаш кога ќе дојдело до судир меѓу религиската етика и т.н. неетички и антиетички барања на животот во политичката и економската структура на власта во светот.

Во однос на **ставот кон сексот** треба да се истакне дека *непријателскиот став кон сексот не е никаков специјалитет на христијанството, туку напротив, дека нема ниту една специфична религија на спасението, која во основа би зазела поинаков став.*

На крајот, треба да се истакне дека основа за зацврстување на **индиферентноста кон светот и пасивизмот во христијанската религија** дава и ставот дека со никакво дело човекот не може да го забрза доаѓањето на божјото царство но, дека сепак треба да се биде подготвен за неговото доаѓање.

## ИСЛАМОТ

Исламот како религијата во своите почетоци се јавил во градска средина (Мека) и настојувал да се оддели од светот. Уште во Медина исламот се трансформирал во национално-арапска а подоцна и во сталешки ориентирана религија на воините. Во оваа смисла карактеристично е да се истакне фактот дека за подемот и успехот на исламот голема улога имале прифаќањето на истиот од страна на припадниците од најмоќните семејства. Според Вебер, не само почетните туку и крајните елементи на исламската економска етика се чисто феудални, според својот карактер. Постои најтесна врска меѓу побожноста и богатството. Така оние кои биле најпобожни уште во првата генерација, по правило биле и најбогати, или поточно тоа биле оние кои се обогатиле од воените грабежи, повеќе отколку другите припадници на верата.

Улогата што богатството и имотот кои биле стекнати преку воени грабежи во исламот е различна и дури спротивна од истата кај пуританците. Така, исламската традиција со благонаклонетост гледа на луксузот при облекувањето, употребата на парфемите и грижливата нега на брадите на верниците. Во овој контекст е интересно да се спомене забелешката што Мухамед им ја упатил (во форма на прекор) на богатите кои дошле кај него лошо облечени: "Ако Бог некого го благословил со богатство, тој сака трагите од таквото богатство да бидат видливи на него". Поинаку кажано, богаташкото потекло обврзува да се живее соодветно со својата сталешка позиција.

Исламот во основа строго го отфрла аскетизмот, но не секој облик на аскетизам. За тоа има потврда во фактот што Мухамед ги почитува испосниците и богомолците. Сепак тој е против секој облик на монаштво. Коренот на таквиот став, според Вебер, веројатно треба да се бара во

*Талмудот*, за кој е карактеристично уверувањето дека оној кој останал неоженет после извесен број години мора да е грешник. Исламот веројатно претставува единствен случај од сите светски религии во кој може да се сретне ставот со кој се оправдува употребата на козметичките средства за коса кај Махди (како признат столб на стариот ислам), за да имал успех кај жените. Исламот никогаш не бил религија на спасението затоа што во етичката смисла на зборот поимот *спасение му е туѓ*. Тоа произлегува од фактот што исламскиот Бог е безгранично моќен но, милостив господар, кој своите поданици (верниците) не ги оптоварува повеќе отколку што се нивните човечки способности.

Мерките кои ги презема исламот во суштина имаат политички карактер:

- *Отстранување на приватните судири* со цел да се засили ударната моќ за судир со надворешните непријатели;

- *Регулирање на легитимните сексуални односи* во строга патријархална смисла на зборот *и укинување на сите негови нелегитимни форми* (реално создавање на сексуални привилегии само за богатите, со оглед на тоа што било многу лесно да се добие развод, но и да се зачува конкубинатот со робинките);

- *Забрана за зеленаштво* (земање високи камати);

- *Воведување на даноци за воени цели* и

- *Помагање на сиромашните.*

Покрај понапред наведените мерки, постоеле и **специфични обврски** според кои припадниците на исламот се разликувале од другите религии. Главно тоа се следните специфични обврски:

- *Признавањето на еден Бог и на неговиот Пророк;*

- *Еден аџилак во Мека;*

- *Пост преку денот за време на месеците за пост;*

- *Задолжително присуство на Божја служба еднаш неделно и*

- *Секојдневни молитви.*

Исламот има барања кон верниците и во однос на секојдневниот живот:

*Одреден начин на облекување* (овој пропис има значајни економски последици при преминувањето на нецивилизираните народи во ислам);

*Избегнувањето на некои нечисти јадења, вино и коцкарски игри* (што принципиелно е многу значајно како негативен став кон шпекулантските работи).

На стариот ислам му се туѓи индивидуалниот стремеж за спасение и мистиката. Тој дава ветувања и за стекнување (добивање) богатство, моќ и углед на овоземниот живот.

Како карактеристики на специфично феудалниот дух во исламот може да се набројат барем уште следните четири:

- *Безусловно прифаќање на ропството и крепосништвото;*
- *Полигамијата и презир кон жените;*
- *Претежно ритуалистичкиот карактер на религиозните обврски;*
- *Голема едноставност на религиозните барања и*
- *Скромните етички барања.*

## ЗАКЛУЧОК

Веберовите компаративни анализи на големите светски/културни/ религии даваат огромен материјал за натамошни истражувања.

Тие расветлуваат многу суштински аспекти на тие религии во нивниот однос кон светот. Посебно се значајни нормите кои постојат во нив и кои ги регулираат практичните постапки на верниците во секојдневниот живот.

Некои од нив се поекстремни и по правило induchодни... 

Веберовите анализи и материјали што ги нуди во своите дела во одредени сегменти се многу актуелни, а во другите сегменти можат да послужат како појдовна основа за современи анализи. Така тие нудат изобилство од материјали (како заокружени теориски сознанија, но и како претпоставки) за објаснување на промените во современите општества. Затоа Вебер може да биде секогаш актуелен, ако се пробле-

матизираат и се промислуваат во светлото на современите светски трендови релациите економија-религија, како и односот на т.н. културни религии кон светот, поконкретно кон бројни сегменти од секојдневниот живот на луѓето.

## ЛИТЕРАТУРА:


Abukuma, Moriyuki (1/2000), Weberian Sociology of Religion, http://www.ne.jp/asahi/moriyuki/abukuma/

Abukuma, Moriyuki (2/2000), Max Weber's Approach to Religion, http://www.ne.jp/asahi/moriyuki/abukuma/outline/weber_appr

Veber, Maks (1976), Privreda i društvo, I, Prosveta, Beograd.

Weberian Sociology of Religion (2000), http://www.ne.jp/asahi/moriyuki/abukuma/

Weber, Max (1/2000), Sociology of the World Religions: Introduction, http://www.ne.jp/asahi/moriyuki/abukuma/weber/world/intro

Weber, Max (2/2000), The Social Psychology of the World Religions,

http://www.src/uchicago.edu/ssr1/PRELIMS/Theory/weber noemvri 2000 godina Bitola